Врз основа на член 73 став (1) точка 1) од Законот за енергетика* („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.101/25 и 135/25), член 109 став (9) од Законот за општата управна постапка („Службен весник на Република Македонија“ бр. 124/15) и член 16 од Правилата за постапување по приговори и за разрешување на спорови („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 255/23 и 240/24), Регулаторната комисија за енергетика, водни услуги и услуги за управување со комунален отпад на Република Северна Македонија на седницата одржана на 15 мај 2026 година донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за уважување на приговор**

1. Приговорот на Димитар Стоимов со бр. УП2-09-162/26 од 25 март 2025 година, против Решение со кое се одредува корекција на надоместокот за топлинска енергија бр.03-364/20 од 15 јануари 2026 година од страна на ЕСМ Снабдување со топлина ДООЕЛ Скопје, СЕ УВАЖУВА.

2. Решението со кое се одредува корекција на надоместокот за топлинска енергија бр.03-364/20 од 15 јануари 2026 година од страна на ЕСМ Снабдување со топлина ДООЕЛ Скопје, СЕ ПОНИШТУВА.

3. СЕ ЗАДОЛЖУВА ЕСМ Снабдување со топлина ДООЕЛ Скопје , да донесе Решение со кое се одредува корекција на надоместокот за топлинска енергија за грејната сезона 2024/2025 во кое ќе го земе во предвид табеларниот норматив за корекција на варијабилниот дел од надоместокот за топлинска енергија во колективен станбен објект согласно Правилникот за утврдување на квалитетот на испорачаната топлинска енергија и ќе се задолжи потрошувачот да плаќа 72% од варијабилниот дел од надоместокот за топлинска енергија.

4. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави на веб страницата на Регулаторната комисија за енергетика, водни услуги и услуги за управување со комунален отпад на Република Северна Македонија.

**О б р а з л о ж е н и е**

Димитар Стоимов до Регулаторната комисија за енергетика, водни услуги и услуги за управување со комунален отпад на Република Северна Македонија (во понатамошниот текст: Регулаторна комисија за енергетика), поднесе приговор бр. УП2-09-162/26 од 25 март 2025 година против Решение со кое се одредува корекција на надоместокот за топлинска енергија бр.03-364/20 од 15 јануари 2026 година од страна на ЕСМ Снабдување со топлина ДООЕЛ Скопје.

Именуваниот до ЕСМ Снабдување со топлина ДООЕЛ Скопје поднела рекламација за квалитетот на испорака на топлинска енергија за стан на бул. Јане Сандански бр.5/3-3, Скопје.

ЕСМ Снабдување со топлина ДООЕЛ Скопје спровело мерења и изготвило Записник за измерени температури на воздухот при што е утврдено дека не е обезбедена минималната температура согласно член 43 од Правилата за снабдување со топлинска енергија („Службен весник на Република Македонија“ бр.65/19, 162/19, 233/20, 312/20 и 38/22), односно измерената температура при надворешна температура од $6^{o}C$ изнесувала $18{,}8^{0}C$ и $17{,}9^{0}C$ во просторија 1 (дневна) и просторија 2 (спална) соодветно. ЕСМ Снабдување со топлина ДООЕЛ Скопје донело Решение со кое се одредува корекција на надоместокот

за топлинска енергија бр.03-364/20 од 15 јануари 2026 година врз основа на записникот за измерени температури на воздухот.

Незадоволен од Решението со кое се одредува корекција на надоместокот за топлинска енергија бр.03-364/20 од 15 јануари 2026 година од страна на ЕСМ Снабдување со топлина ДООЕЛ Скопје, именуваниот поднесе приговор до Регулаторната комисија за енергетика.

На 7 мај 2026 година беше одржана седница на Комисија за постапување по приговори и разрешување на спорови од областа на природен гас, топлинска енергија и течни горива. На седницата се изврши увид во приложените докази од страна на подносителот на приговорот и страната против која е поднесен приговорот, и тоа:

- Решение со кое се одредува корекција на надоместокот за топлинска енергија бр.03-364/20 од 15 јануари 2026 година,
- Записник за констатирана состојба за објект на бул. Јане Сандански бр.5/3-3, Скопје.

Регулаторната комисија за енергетика при разгледувањето на приговорот утврди дека истиот е основан.

Согласно член 42 од Правилата за снабдување со топлинска енергија („Службен весник на Република Македонија“ бр.65/19, 162/19, 233/20, 312/20 и 38/22), потрошувачите кои се незадоволни од квалитетот на испораката на топлинска енергија, можат да поднесат писмено барање до снабдувачот, за проверка на квалитетот. Снабдувачот е должен по стекнување на условите за контрола да ги провери наводите од рекламацијата, и писмено да го извести потрошувачот. По рекламација на поединечни потрошувачи, во објекти каде што распределбата на енергијата се врши според грејна површина, квалитетот на испорачаната топлинска енергија се утврдува според Правилник за квалитет на испорачаната топлинска енергија, кој го донесува снабдувачот по претходно одобрување од страна на Регулаторната комисија за енергетика.

Согласно член 8 од Правилникот за утврдување на квалитетот на испорачаната топлинска енергија врз основа на утврдената состојба и записникот се врши корекција на варијабилниот дел од надоместокот за топлинска енергија соодветно на пропишаниот табеларен норматив. Табеларниот норматив за корекција на варијабилниот дел од надоместокот за топлинска енергија кога измерените внатрешни температури се помали од 20ºC е составен дел на Правилникот за утврдување на квалитетот на испорачаната топлинска енергија. Согласно одредениот корекционен фактор, Снабдувачот донесува Решение за корекција на варијабилниот дел од надоместокот за топлинска енергија. Решението за корекција на варијабилниот дел од надоместокот за топлинска енергија стапува на сила од денот на донесувањето и истото е со важност од почетокот на грејната сезона. Корекцијата на варијабилниот дел од надоместокот за топлинска енергија за периодот од грејната сезона во кој не била земена во предвид корекцијата согласно Решението ќе се пресмета во порамнителните фактури за месеците мај, јуни и јули. За секоја грејна сезона треба да се поднесува барање за продолжување на корекцијата доколку состојбата е иста или влошена.

Согласно член 7 став (7) од Правилникот за утврдување на квалитетот на испорачаната топлинска енергија, во случај на измерени температури во повеќе простории, за оценка на остварената температура во станот се зема средната пресметана температура.

<u>Согласно пропишаниот табеларен норматив за корекција на варијабилниот дел од надоместокот за топлинска енергија од Правилникот за утврдување на квалитетот на испорачаната топлинска енергија при измерени внатрешни температури во опсег од 18ºC до 18,5ºC потрошувачот се задолжува да плаќа 72% од варијабилниот дел од надоместокот за топлинска енергија.</u>

Од приложените докази се констатира дека од измерените температури во двете простории средната пресметана температура изнесува 18,35ºC. ЕСМ Снабдување со топлина ДООЕЛ Скопје има донесено Решение со кое се одредува корекција на надоместокот за топлинска енергија за периодот за кој е утврдено дека има неквалитетна испорака на топлинска енергија, односно за грејната сезона 2025/2026. ЕСМ Снабдување со топлина ДООЕЛ Скопје при носење на Решението со кое се одредува корекција на надоместокот за топлинска енергија го немало во предвид табеларниот норматив за корекција на варијабилниот дел од надоместокот за топлинска енергија во колективен станбен објект.

Имајќи го предвид горенаведеното се одлучи како во диспозитивот на ова решение.

**ПРАВНА ПОУКА**: Против ова решение може да се поведе управен спор пред Управен суд на Република Северна Македонија во рок од 30 дена од денот на приемот на истото.

**УП2 09-162/26**
**15 мај 2026 година**
**Скопје**

**Претседател на Регулаторна комисија за енергетика, водни услуги и услуги за управување со комунален отпад на Република Северна Македонија**

**Ацо Ристов**